ОПШТИНА
ДЕМИР КАПИЈА

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА
## ДЕМИР КАПИЈА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, согражанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Мојата животна приказна е нераскинливо поврзана со Демир Капија – местото каде што пораснав, каде што ги поминав моите први училишни денови, и каде што ја оформив мојата професионална и човечка зрелост. Во изминатите години имав чест да работам со најмладите генерации во нашата општина, како воспитувач и раководител на детска градинка и секојдневно да ја чувствувам одговорноста за иднината што ја градиме заедно.

Денес, со иста таа одговорност и со уште поголема решителност, ја преземам задачата да се борам за Општина Демир Капија – модерна, организирана и атрактивна за живеење и за работа. Моја најголема амбиција е Демир Капија да стане пример за структурирана и современа општина во која сите ќе се чувствуваме горди што живееме.
Туризмот и земјоделието ќе бидат нашите клучни двигатели – со јасна стратегија за нивен развој, со нови инвестиции и со создавање можности за младите да ја гледаат својата иднина токму тука. Ќе вложуваме во спортот и во културата, во зелени површини и паркови каде ќе се слуша детска смеа, во инфраструктура што ќе го олеснува секојдневието и во политики што ќе носат хармонија, толеранција и заемно разбирање меѓу граѓаните.

Сакам Демир Капија да биде општина на сите свои луѓе – место на култура и иднина, општина која инспирира восхит со своето зеленило, со улици полни живот и со заедништво кое обединува. Верувам дека заедно можеме да изградиме средина каде младите ќе остануваат, возрасните ќе имаат мир и достоинствен живот, а сите граѓани ќе се чувствуваат сигурни и почитувани.
Ве повикувам заедно да ја спроведеме оваа визија во дело. Со труд, посветеност и искрена љубов кон нашиот крај, Демир Капија може да стане општина на која сите ќе бидеме горди.

Со почит,
Наталија Димитриева,
Кандидат за градоначалник на
Општина Демир Капија

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Мирјана Јаневски - Носител на листа
2. Душан Трајков
3. Јован Чапов
4. Шабан Усинов
5. Владко Андонов
6. Душица Танчева
7. Сузана Ефтимова
8. Илија Димитриев
9. Марија Катарова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општината е темелната институција во која секој граѓанин очекува сигурност, стабилност и квалитетен живот. Затоа приоритетите што ги поставуваме не се декларативни, туку насочени кон конкретни области каде што граѓаните секојдневно ги чувствуваат потребите и предизвиците.

1. Решавање на проблемот со водоснабдување во с. Корешница и с. Прждево.
2. Надградба на водоводни системи во с. Бистренци и Барово.
3. Покривање на градскиот пазар во Демир Капија.
4. Изградба на мост од с. Бистренци до сепарацијата на Гранит.
5. Овој проект е значаен за сите жители на Бистренци бидејќи овозможува економски, сообраќаен и социјален развој. Мостот го поврзува селото директно со индустриската зона Гранит, со што се подобрува транспортот, економската активност и трговијата. Се добива пократка и побезбедна сообраќајна врска, се олеснува пристапот за вработените, брзиот пристап на јавните служби и се создава подобра поврзаност со градот. Овој мост е симбол на поврзување, развој и грижа за секој жител.
6. Асфалтирање на улици во с. Бистренци, с. Корешница, с. Чифлик и с. Прждево.
7. Спортско игралиште за љубителите на мал фудбал.
8. Уредување на градска депонија и пункт за одведување на цврст отпад.
9. Отворање дневен центар за лица со попреченост.
10. Мапирање и изградба на три паркинг-зони.
11. Мапирање на кампинг-зони.
12. Изградба на фонтана на градскиот плоштад.
13. Сувенирница во склоп на винскиот музеј (сувенири, брошури).
14. Промоција на традицијата и на алтернативниот туризам со обезбедени лиценцирани туристички водичи.
15. Отворање амбуланта за примарна здравствена заштита во руралните средини: с. Корешница, с. Бистренци и с. Прждево.
16. Организација на манифестација за празникот Св. Богородица, со намера да стане традиционална.
17. Одбележување на велосипедски патеки во централното градско подрачје од обиколницата до градскиот парк покрајреката Бошава.
18. Подобрување на условите за престој на деца во предучилишна возраст во ЈОУДГ „Борис Трајковски“ во Демир Капија, со цел зголемување на капацитетот за 20 деца.

19. Изградба на автобуска постојка/станица (кабина) и уредување на просторот со урбана опрема, билетарница, чекална и тоалети.
20. Обезбедување материјал (гребен асфалт) за проодни места во с. Драчевица, с. Копришница и патот кој ги поврзува Депанданс – Бесвица – Барово.

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се и ниските и рамни даноци. Општината нема да ги зголемува даноците, туку ќе ги зајакнува фискалните капацитети. Со поефикасна наплата на локалните даноци и такси ќе се обезбедат повеќе средства за проекти што директно ќе го подобрат животот. Наместо дополнителен товар за граѓаните, средствата ќе се насочуваат кон нови инвестиции.

## ➤ Прво, ќе се вложува во инфраструктурата како основа на секојдневието.

Приоритети ќе бидат реконструкцијата на локалните улици, подобрувањето на тротоарите и јавните површини, поставување енергетски ефикасно улично осветлување и изградба на нови паркинг-простори. Инвестициите ќе се однесуваат и на патната мрежа во селата, со цел да нема разлика меѓу урбаните и руралните средини.

## ➤ Второ, општината ќе вложува во модерни и чисти јавни простори.

Ќе се уредуваат паркови, игралишта и спортски зони, а напуштените простори ќе се претвораат во рекреативни катчиња. Овие инвестиции не само што ќе ја подобрат естетиката на општината, туку ќе создадат и нови места за дружење, спорт и култура.

## ➤ Трето, голем приоритет ќе биде образованието и младите.

Сите училишта ќе се модернизираат со нова опрема, лаборатории и спортски сали. Ќе се воведат програми за поддршка на ученици и студенти од социјално загрозени семејства, а наставниот кадар ќе добива постојана поддршка за професионален развој. Општината ќе создава услови младите да се чувствуваат ценети и да ја гледаат овде својата иднина.

## ➤ Четврто, ќе се работи на заштита на животната средина.

Ќе се воведе систем за селекција и рециклирање на отпад, ќе се изградат центри за управување со отпад и ќе се модернизира канализациската и водоводната мрежа. Ќе се субвенционираат домаќинствата кои ќе инвестираат во соларни панели и ќе се продолжи процесот на гасификација. Општината ќе премине на 100% ЛЕД-осветлување и ќе поттикнува циркуларна економија.

## ➤ Петто, дигитализацијата ќе биде основен инструмент за модерна општина.

Ќе се развие е-општина со цел граѓаните да ги добиваат услугите побрзо и без непотребни редици. Ќе се воспостави систем на отворени податоци за целосна транспа-

рентност и платформи за активно учество на граѓаните во донесувањето одлуки.

- **Шесто, ќе се поттикнуваат спортот и културата како дел од идентитетот.**

Ќе се реконструираат спортски терени и ќе се градат нови во сите населби, ќе се поддржуваат локалните спортски клубови и ќе се организираат редовни турнири. Во културната сфера ќе се поддржуваат локалните културни друштва, ќе се организираат фестивали, изложби и манифестации кои ќе го збогатат животот на граѓаните и ќе го зајакнат културниот идентитет.

- **Седмо, во социјалната сфера, општината ќе отвори домови и дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со попреченост, програми за ментално здравје и советувалишта.**

Преку вакви политики ќе се покаже дека општината е блиску до секој човек, особено до оние на кои им е потребна најголема поддршка.

Со овие приоритети ќе изградиме општина која е стабилна, развиена и европска по стандард, но и човечка по односот кон луѓето. Општина што не дели, туку обединува. Општина која гради иднина со дела, а не со зборови.

Нашата цел е јасна: да изградиме општина во која секој граѓанин ќе сака да остане, да живее и да ја гледа својата иднина. Општина што ќе биде симбол на ред и развој, но и на заедништво и човечност. Овие приоритети се нашиот договор со граѓаните – ветување дека општината нема да биде извор на проблеми, туку двигател на решенија и нови можности. Со тоа ја поставуваме основата за општина што ќе биде модерна, европска и достоинствена – општина во која луѓето ќе веруваат и на која ќе бидат горди.



# ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: СЕКУНДАРНА ГАСИФИКАЦИЈА НА ДЕМИР КАПИЈА

Ќе се изработи техничка документација за секундарна гасоводна мрежа за градот Демир Капија и дел од населените места, со што општината ќе биде подготвена веднаш да се приклучи кон магистралниот гасовод. Очекуван ефект: Намалени трошоци за греење, зголемена енергетска ефикасност, привлекување нови инвестиции и почиста животна средина.

Рок: 2025 г.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Ќе се реконструираат улиците во селата: Корешница, Бистренци, Прждево, Чифлик и Дрен со современа асфалтна подлога и улична инфраструктура. Очекуван ефект: Подобрување на мобилноста, побезбедно движење на жителите и побрз транспорт на стоки и услуги.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Ќе се вложува во подобрување на водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води во селата: Корешница, Бистренци, Дрен, Чифлик, Драчевица, Барово и Клисура. Очекуван ефект: Почиста животна средина, подобрено здравје на населението и современи услови за живот.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ТУРИСТИЧКИ ТУРИ ВО ДЕМИРКАПИСКА КЛИСУРА

Ќе се организираат тури за истражување на природните убавини на Демир Капија, со развој на спелео-туризам и авантуристички тури за посета на пештерите Бела Вода и Змејовец. Очекуван ефект: Поголема туристичка привлечност на општината, нови можности за локалната економија и зачувување на природното богатство.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: АРХЕОЛОШКИ ТУРИ

Во соработка со музеи и истражувачки екипи ќе се развијат археолошки тури за посетители заинтересирани за историјата и културното наследство на Демир Капија. Очекуван ефект: Промоција на културното наследство, развој на образовен и култу-

рен туризам и дополнителни приходи од туристи.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРЕТПРИЕМНИЧКИ ВЕШТИНИ

Ќе се реализираат проекти за подобрување на претприемничките вештини во соработка со државни институции и експерти. Ќе се организираат обуки, работилници и менторски програми за младите и за лицата кои сакаат да започнат сопствен бизнис. Очекуван ефект: Поттикнување нови деловни иницијативи, зајакнување на малите бизниси и зголемена вработеност.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА ЗА ПРВАЧИЊА

Секое дете што ќе започне во прво одделение ќе добие еднократна парична помош – 5. 000 денари, а исто така сите првачиња ќе добијат бесплатен училиштен прибор и ранчиња. Очекуван ефект: Финансиска поддршка за родителите, еднаков почеток за сите ученици и поттик за образовниот процес.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: БЕСПЛАТЕН ОБРОК И СТРАНСКИ ЈАЗИК ЗА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ

Ќе се обезбеди бесплатен оброк и курсеви по странски јазици за децата од социјално ранливи категории. Очекуван ефект: Подобрено здравје и исхрана, зголемени образовни можности и еднаква интеграција на овие деца во образовниот систем.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СОЦИО-ЕКОНОМСКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Ќе се создаде база на податоци со информации за пазарот, социо-економските карактеристики на општината и расположливите ресурси. Податоците ќе бидат основа за планирање и креирање на политики. Очекуван ефект: Поинформирано и поефикасно одлучување, подобра стратегија за локален развој и зголемена транспарентност.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА

Ќе се реконструираат повеќе полски патишта на територијата на општина Демир Капија за да се овозможи полесен пристап на земјоделците до нивните обработливи површини. Ќе бидат опфатени: полски пат Лагот – Куријте, Демир Капија – Кош – Споменик, Демир Капија – Чифлик – Дрен, Прждево – Бесвица, Стар пат – Челевец и Бистренци – Корешница. Очекуван ефект: Полесен и побрз транспорт на земјоделски производи, намалени трошоци за земјоделците и подобрени услови за работа на терен.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ

Ќе се изгради систем за наводнување преку Дошничкиот и Бесвичкиот канал, кој ќе обезбеди стабилно снабдување со вода за земјоделските површини. Очекуван ефект: Зголемени приноси, намалена зависност од временски услови и поголема сигурност за земјоделците.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Ќе се обезбедат поволни услови за инвестирање во изградба на погони за преработка на земјоделски производи, современи ладилници, откупни дистрибутивни центри, лозови и овошни насади и нови винарски визби. Очекуван ефект: Развој на агробизнисот, нови работни места, зголемена додадена вредност на земјоделските производи и економски раст на општината.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СОРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ СО ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Ќе се подобри соработката на земјоделците со граѓански организации и консултантски куќи за полесно аплицирање на проекти. Ќе се отвори подрачна канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за потребите на земјоделците во Демир Капија. Очекуван ефект: Зголемена информираност, поголема искористеност на фондови и програми, поголема поддршка за локалните производители.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛЕН ИНОВАЦИСКИ ФОНД „МЛАДИ СО ИДЕИ“

Општината ќе формира специјален фонд кој ќе обезбедува грантови и менторска поддршка за млади претприемачи, ученици и студенти кои имаат иновативни деловни идеи. Секој апликант ќе може да добие финансиска поддршка за стартап бизнис, а дополнително ќе бидат организирани обуки за водење сметководство, маркетинг и дигитална продажба. Фондот ќе работи во партнерство со стопанските комори, локалните банки и невладини организации. Очекуван ефект: отворање нови мали компании, задржување на младите во општината, развој на економија заснована на знаење.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЦЕНТАР ЗА ЗНАЕЊЕ И ПРАКТИЧНИ ВЕШТИНИ

Во општината ќе се отвори мултифункционален центар кој ќе ги поврзува средните училишта, факултетите и локалните компании. Центарот ќе нуди практични обуки за

најбараните занимања (ИТ, дигитален маркетинг, електротехника, земјоделски технологии), како и програми за преквалификација на невработени. Дел од просторот ќе биде наменет за простор за соработка (coworking) и стартапи. Очекуван ефект: подобрена квалификација на младите, поголема конкурентност на работната сила, директна врска помеѓу образованието и бизнисот.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: БИЗНИС-ИНКУБАТОР „МОЈ БИЗНИС, МОЈА ОПШТИНА“

Општината ќе обезбеди објект со канцелариски простор, интернет, правна и сметководствена помош за новоформирани фирми. Инкубаторот ќе функционира како „едношалтерски систем“ каде што секој претприемач може да добие ментор, деловни контакти и пристап до инвеститори. Очекуван ефект: создавање средина во која бизнисите лесно растат, намалување на административните бариери, намалување на невработеноста.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИИ

Ќе се изработи стратешки документ со анализа на потенцијалите на општината (земјоделство, туризам, индустрија, зелена енергија). Општината ќе создаде промотивни материјали на повеќе јазици и ќе организира „Инвестициски денови“ на кои ќе се презентираат можностите пред странски и домашни инвеститори. Паралелно ќе се работи на создавање на индустриски зони со подготвена инфраструктура. Очекуван ефект: привлекување инвестиции, отворање нови работни места, подобрена инфраструктура.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЗАНАЕТЧИСКИ САЕМ „РАБОТНИ РАЦЕ – СИЛНА ОПШТИНА“

Општината ќе воведе програма за поддршка на занаетчиите преку субвенции за алати и опрема, како и годишен саем каде што ќе можат да ги изложуваат своите производи. Ќе се воспостави и онлајн платформа за промоција и продажба на занаетчиски производи, со можност за извоз на странски пазари. Очекуван ефект: заживување на традиционалните занаети, зголемување на локалната економија, промоција на културното наследство преку занаетчиство.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: АГРОБИЗНИС-ОБУКИ

Во Општината ќе се воспостави програма за обука и менторство на земјоделци и мали производители за користење на модерни технологии во земјоделството, органско производство и дигитална продажба. Академијата ќе работи со експерти од земјата и

странство и ќе обезбеди поврзување со пазарите. Очекуван ефект: модернизирање на земјоделието, зголемени приходи за производителите, извоз на локални производи.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: „ЗЕЛЕНА РАБОТИЛНИЦА“ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Формирање локален центар каде што младите инженери, занаетчии и претприемачи ќе можат да развиваат мали проекти за соларна енергија, биогас и енергетска ефикасност. Општината ќе дава субвенции за најдобрите идеи и ќе им помогне за нивна комерцијализација. Очекуван ефект: нови „зелени“ работни места, намалување на енергетската зависност, еколошки развој.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: БАЗАР НА ЛОКАЛНИ ПРОИЗВОДИ

Општината ќе организира месечни базари за промоција и продажба на локални земјоделски, занаетчиски и гастрономски производи. На базарите ќе учествуваат и локални ресторани, угостители и винари, со можност за вмрежување и нови деловни договори. Очекуван ефект: директна заработка за локалните производители, јакнење на брендот на општината, туристичка атракција.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ДИГИТАЛЕН ЦЕНТАР (DIGITAL HUB) – ОПШТИНА НА ИДНИНАТА

Формирање на дигитален центар во кој ќе се собираат стартапи и ученици/студенти кои работат на дигитални решенија. Центарот ќе обезбеди (coworkin) простор за соработка, брз Интернет, ментори и пристап до фондови. Очекуван ефект: развој на локална дигитална економија, задржување на младите ИТ кадри, интернационализација на стартапите.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЖЕНИ ВО БИЗНИСОТ

Општината ќе обезбеди поддршка за женско претприемништво преку обуки, грантови и олеснет пристап до кредити за мали семејни фирми и домашни бизниси. Ќе се организираат специјални програми за поврзување на жените со поголеми компании и пазари. Очекуван ефект: економско зајакнување на жените, отворање нови работни места, намалување на невработеноста.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СЕЛО СО БИЗНИС

Општината ќе отвори програма за поддршка на претприемачки иницијативи во руралните средини (мали фарми, агротуризам, локални пекарници, мали фабрики за преработка на храна). Поддршката ќе биде во форма на грантови и техничка помош. Очекуван ефект: развој на руралните средини, намалување на иселувањето, нови извори на приходи.

Рок: континуирано.



# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – ПАМЕТЕН ГРАД (SMART CITY)

## ПРОЕКТ: БЕЗЖИЧЕН ИНТЕРНЕТ ЗА СЕКОГО

Општината ќе воспостави мрежа на бесплатен јавен безжичен Интернет на повеќе точки на клучни локации: плоштади, училишта, паркови, спортски терени и јавни институции. Со тоа ќе се обезбеди пристап до интернет за сите граѓани, особено за младите и учениците кои немаат постојан интернет дома. Очекуван ефект: дигитална еднаквост, подобрени услови за учење и информирање, поголема транспарентност и поврзаност на граѓаните.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ОПТИКА ДО СЕКОЈ ДОМ

Во соработка со телекомуникациските оператори, општината ќе иницира проширување на оптичката мрежа до сите населени места, вклучително и руралните. Инфраструктурата ќе биде планирана така што ќе обезбеди стабилен интернет, подготвен за дигитална економија и образовни потреби. Очекуван ефект: еднаков пристап до брз интернет за сите граѓани, зголемена конкурентност на локалните компании, привлекување на нови инвеститори.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ – ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА

Воспоставување на (open data) отворен податочен систем каде што сите општински податоци (буџет, јавни набавки, трошоци, урбанистички планови) ќе бидат јавно достапни преку онлајн платформа. Секој граѓанин ќе може лесно да провери каде се трошат парите и како се донесуваат одлуките. Очекуван ефект: поголема доверба во општинската администрација, намалување на корупцијата, учество на граѓаните во креирањето на политики.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ТВОЈ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА

Воведување на дигитална платформа за општински услуги, со можност граѓаните да аплицираат за документи (изводи, дозволи, уверенија) од дома, без редици и чекање. Администрацијата ќе има обврска да ги издаде документите во точно дефиниран рок, а граѓанинот ќе може да го следи статусот онлајн. Очекуван ефект: заштеда на време и трошоци за граѓаните, ефикасна администрација, поголема транспарентност.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ

Создавање дигитална платформа за вклучување на граѓаните во донесување на одлуки: онлајн анкети, јавни консултации, предлагање идеи и гласање за локални приоритети. Платформата ќе биде достапна и преку мобилна апликација. Очекуван ефект: активно граѓанско учество, донесување политики според реалните потреби, развој на демократска култура.

Рок: континуирано.

МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

## ПРОЕКТ: УРБАНИЗАЦИЈА НА НОВИ ПРОСТОРИ

Ќе се урбанизираат нови простори за изградба на лесна и незагадувачка индустрија, зони за спорт и рекреација, туристички објекти и зони за домување. Очекуван ефект: развој на локалната економија, подобрени услови за спорт и туризам и уредено домување според современи стандарди.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛАТА

Ќе се изработат урбанистички планови за с. Дрен, с. Прждево, с. Корешница и с. Бистренци, со што ќе се овозможи правилна и планска изградба. Очекуван ефект: плански развој на населените места, поголема атрактивност за инвестиции и унапредување на условите за живот.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ЦВРСТ ОТПАД

Ќе се санира и ревитализира просторот каде што се наоѓа постоечката депонија според сите стандарди и нормативи. Ќе се изгради претоварен пункт за одведување на селектиран отпад до регионалната депонија и погони за рециклирање. Очекуван ефект: намалување на загадувањето, дополнителни приходи од рециклирање и подобрена заштита на животната средина.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА СМЕТ

Ќе се унапреди собирањето, селектирањето и изнесувањето на сметот од градот и населените места со воведување нова опрема и организирани системи. Очекуван ефект: почисти населби, подобро управување со отпадот и зголемена еколошка свест кај граѓаните.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Ќе се организираат трибини и дебати за примарна селекција на комуналниот отпад и ќе се вклучат сите населени места во организирано собирање. Очекуван ефект: зголемена едукација и активна вклученост на граѓаните во заштита на животната средина.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Ќе се одржуваат постоечките паркови и ќе се изградат нови зелени површини во општината и околните села Корешница, Бистренци и Чифлик. Очекуван ефект: поголема атрактивност на јавниот простор, почиста и поздрава средина и повеќе места за рекреација.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Ќе се чистат дивите депонии во речното корито на реката Бошава, Челевечка Река и пороите во Корешница, Бистренци и Прждево, како и покрај регионалните патишта. Очекуван ефект: намалување на загадувањето, подобрување на јавната хигиена и враќање на природната убавина.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА КРАЈБРЕЖЈЕТО НА РЕКА БОШАВА

Ќе се исчисти речното корито од наносен материјал, ќе се уреди крајбрежјето и ќе се засади ново зеленило. Очекуван ефект: подобрена естетика на просторот, заштита од поплави и зголемена рекреативна вредност.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: СПРАВУВАЊЕ СО ПОРОИ И КОНТРОЛА НА ВОДОТЕЦИ

Ќе се спроведат мерки за контрола на водотеците и спречување на порои во Демир Капија и Корешница. Очекуван ефект: заштита на имотот и земјоделското земјиште, зголемена безбедност на населението.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОТ КАЈ АМБУЛАНТАТА

Ќе се уреди просторот околу амбулантата со пешачки патеки, клупи, осветлување и зеленило. Очекуван ефект: создавање уреден јавен простор за одмор и рекреација, подобрена естетика и функционалност.

Рок: 2025 г.

## ПРОЕКТ: ЦЕНТРАЛЕН СИСТЕМ ЗА ГРЕЕЊЕ СО БИОМАСА

Ќе се изгради централен систем за греење со биомаса и ќе се постават фотоволтаични панели на училишните и јавните објекти. Очекуван ефект: поекономично затоплување на објектите, заштеда на енергија и значително намалување на загадувањето.

Рок: 2028 г.

## ПРОЕКТ: НАДГРАДБА НА ВОДОВОД ВО ДЕМИР КАПИЈА

Ќе се доведе вода по гравитациски пат до постоечкиот резервоар. Со надградба на системот ќе се изгради зафат за прифаќање вода од река Бошава и цевковод во должина од 8 км. Очекуван ефект: сигурно и економично снабдување со квалитетна вода за жителите на Демир Капија.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: НАДГРАДБА НА ВОДОВОД ВО С. БИСТРЕНЦИ

Ќе се доведе вода по гравитационен пат до постоечкиот резервоар, со што ќе се напушти снабдувањето од бунари и ќе се користат постоечките извори. Очекуван ефект: поквалитетно и поекономично снабдување со вода за пиење за жителите на Бистренци.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ЦЕВКОВОД ВО С. КОРЕШНИЦА

Ќе се изврши санација на доводниот цевковод од каптажа до резервоарот. Очекуван ефект: подобро и посигурно водоснабдување за населението во с. Корешница.

Рок: 2025 г.

## ПРОЕКТ: НАДГРАДБА НА ВОДОВОДЕН СИСТЕМ ВО С. ДРЕН

Ќе се изгради нова каптажа и резервоар за вода. Очекуван ефект: квалитетно снабдување со вода и зголемена стабилност на системот во ова населено место.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: НАДГРАДБА НА ВОДОВОДЕН СИСТЕМ ВО С. БАРОВО

Ќе се изврши санација на постоечката каптажа за вода. Очекуван ефект: подобрен квалитет и стабилност во снабдувањето со вода.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С. ПРЖДЕВО

Ќе се изгради нова фекална канализациска мрежа. Очекуван ефект: почиста средина, подобрено управување со отпадните води и заштита на здравјето.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С. ДРЕН

Ќе се изгради нова канализациска мрежа. Очекуван ефект: здравствено побезбедна животна средина и современи услови за жителите.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ДОВРШУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА

Ќе се доврши канализацијата во: Демир Капија, Корешница, Бистренци, Дрен и Чифлик. Очекуван ефект: целосна канализациска покриеност на населените места и заштита на природата од загадување.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Ќе се изградат атмосферски канализации за одведување на атмосферските води во Демир Капија и населените места. Очекуван ефект: заштита од поплави и побезбедна урбана средина.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Ќе се изградат и уредат тротоари во централното подрачје на Демир Капија, на ул. „Партизанска“, како и во с. Корешница и с. Бистренци. Очекуван ефект: зголемена безбедност на пешаците и современ изглед на населените места.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА СЕЛАТА

Ќе се изврши партерно уредување во сите села на територијата на општината. Очекуван ефект: убаво уредени јавни простори и подобрена слика на населените места.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ДО ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА КЛИСУРА

Ќе се реконструира дел од патот Демир Капија – железничка станица Клисура во должина од 1 км. Очекуван ефект: подобрен пристап и побезбедно движење кон железничката инфраструктура.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ДЕМИР КАПИЈА – БЕСВИЦА – БАРОВО

Ќе се реконструира патот во должина од 21 км, во прва фаза изградба на систем за атмосферски води и постелица. Очекуван ефект: подобра поврзаност на населените места и зголемена безбедност.

Рок: 2028 г.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ПРЖДЕВО – БЕСВИЦА

Ќе се реконструира патот во должина од 4,5 км. Очекуван ефект: подобрен пристап и побрза врска меѓу населените места.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ КОРЕШНИЦА – ЧЕЛЕВЕЦ

Ќе се реконструира дел од патот во должина од 3,2 км. Очекуван ефект: подобра патна инфраструктура и олеснет пристап за жителите.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛАТА

Ќе се асфалтираат улици во: с. Бистренци, с. Корешница, с. Чифлик и с. Пржденво. Очекуван ефект: подобрен сообраќај, полесно движење и модерен изглед на селата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ ВО ДЕМИР КАПИЈА

Ќе се реконструираат улиците „Партизанска“(крак), „Радњанска“, „Димитар Влахов“, дел од „Борис Кидрич“, улици во населбата „11 Октомври“, реконструкција на улиците „4-ти јули“ и улицата „8-ми март“. Очекуван ефект: подобрена локална инфраструктура, побезбедни и модерни улици.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КЛУЧКА ДЕМИР КАПИЈА

За подобро сообраќајно поврзување на автопат М1 (Е-75) со регионален пат R1 102, Демир Капија.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

Ќе се обезбеди редовно одржување на локалната патна мрежа. Очекуван ефект: подолг животен век на патиштата и континуирана безбедност во сообраќајот.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА АВТОБУСКАТА СТАНИЦА

Ќе се постави урбана опрема, билетарница, чекална, тоалети и зеленило околу автобуската станица. Очекуван ефект: модерен изглед, поголема удобност и функционалност за патниците.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: СОБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Ќе се постави хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на сите улици и патишта. Очекуван ефект: зголемена безбедност на сообраќајот и намалување на ризикот од несреќи.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА – СИТЕ ПАТИШТА ВОДАТ ДО МОЈАТА ОПШТИНА

Општината во соработка со државата ќе инвестира во реконструкција и проширување на регионалните патишта кои ја поврзуваат со соседните општини и градови. Ќе се воведе систем за редовно одржување и зимска служба за побезбедно движење. Очекуван ефект: побрз транспорт на луѓе и стоки, подобрена поврзаност на локалните производители со пазарите, намалување на сообраќајни несреќи.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УРБАНА МОБИЛНОСТ ЗА СИТЕ

Воведување еколошки јавен превоз – електрични минибуси кои ќе сообраќаат на релации меѓу населбите и центарот на општината. Дополнително, ќе се воведе дигитална апликација за следење на возниот ред во реално време. Очекуван ефект: намалување на загадувањето, поевтин и достапен превоз за граѓаните, современ систем на мобилност.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ И ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ

Изградба на велосипедски патеки кои ќе ги поврзат клучните делови на општината (училишта, јавни институции, центар, спортски терени). Ќе се засадуваат зелени појаси долж патеките и ќе се постави улично ЛЕД-осветлување за безбедност. Очекуван ефект: промоција на здрав живот, намалување на употребата на автомобили, подобра животна средина.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УРБАНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ

Претворање на запуштени површини во модерни јавни паркови, детски игралишта и фитнес-зони на отворено. Во секоја населба ќе се обезбеди најмалку едно рекреативно катче достапно за сите генерации. Очекуван ефект: поквалитетен живот на граѓаните, здрави навики, социјална интеграција на младите и семејствата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАМЕТНО УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

Изработка на нови урбанистички планови кои ќе ги следат принципите на одрживост и европски стандарди – енергетски ефикасни згради, зелени кровови, повеќе пешачки зони. Ќе се воспостави јавна дигитална база на урбанистички планови достапна за секој граѓанин. Очекуван ефект: порамномерна и планска урбанизација, транспарентност во урбанизмот, подобра средина за живеење.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Реконструкција на локалните патишта и улички во селата, поставување на улично осветлување и подобрување на канализациската и водоводната мрежа. Очекуван ефект: намалување на разликите меѓу руралните и урбаните средини, подобри услови за живот во селата, спречување на иселување.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНИ СТАНБЕНИ ЖИВЕАЛИШТА

Поддршка за изградба на нови домови според концептот „зелена архитектура" – енергетска ефикасност, соларни панели, системи за собирање дождовница и рециклирање на отпад. Очекуван ефект: намалени трошоци за домаќинствата, модерни и здрави услови за живеење, европски изглед на општината.

Рок: 2028 г.



# МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## ПРОЕКТ: СЕНЗОРНА СОБА ЗА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

Ќе се изгради сензорна соба во просториите на ООУ „Димче Ангелов – Габерот" во Демир Капија, како и во училиштата во руралните средини. Овие простори ќе бидат опремени со современи дидактички средства и помагала за сензорна стимулација. Очекуван ефект: подобрен воспитно-образовен процес за децата со посебни образовни потреби, зголемена инклузија и подобрување на психофизичкиот развој.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: УНИФОРМИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Општината ќе обезбеди училишни униформи за децата од ООУ „Димче Ангелов – Габерот" од прво до петто одделение. Очекуван ефект: еднаквост меѓу учениците, развивање на чувство на припадност и дисциплина, како и финансиска олеснување за родителите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕ ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ

Модернизација на сите основни и средни училишта со нова училишна опрема, паметни табли, лаборатории за природни науки и информатика, како и спортски сали. Општината ќе обезбеди редовно одржување и енергетска ефикасност на објектите. Очекуван ефект: поквалитетно образование, подобрени услови за учење, конкурентност со европските стандарди.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: СТИПЕНДИИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЕДНАКВОСТ

Формирање општински фонд за стипендии за ученици и студенти од социјално загрозени семејства, како и за талентирани ученици во науката, уметноста и спортот. Очекуван ефект: еднаков пристап до образование за сите, поддршка за најсиромашните, развој на талентите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: НАСТАВНИК НА ИДНИНАТА

Инвестиции во континуирана едукација и професионален развој на наставниците преку: обуки, студиски посети во ЕУ и програми за усовршување нови наставни методологии. Очекуван ефект: мотивирани и компетентни наставници, повисок квалитет на наставата, подготвеност за современи предизвици.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕ СО СРЦЕ

Воведување психолошка поддршка и советувалишта во училиштата, со тимови кои ќе работат со учениците на теми како ментално здравје, превенција од насилство и дигитална безбедност. Очекуван ефект: безбедна и здрава средина за децата, превенција на негативни појави, поддршка за родители и наставници.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕН ДВОР КАКО РЕКРЕАТИВЕН ПАРК

Реконструкција на училишните дворови со модерни игралишта, спортски терени и зелени површини, достапни и за граѓаните во попладневните часови. Очекуван ефект: повеќе простор за спорт и рекреација, поголема социјална поврзаност во заедницата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШНА КУЈНА СО ЗДРАВА ХРАНА

Воведување модерни училишни кујни и програма за здрава исхрана. Ќе се користат локални производи за да се поттикне домашното земјоделство. Очекуван ефект: подобрено здравје на децата, едукација за здрави навики, поттик за локалните земјоделци.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Секое училиште ќе има своја веб-платформа со објавени наставни програми, активности, финансиски извештаи и комуникација со родителите. Очекуван ефект: транспарентност во работењето на училиштата, поголема доверба на родителите, активно учество на заедницата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ УЧИЛИШТА

Реконструкција на општинските училишта со замена на старата столарија, поставување термоизолација, соларни панели и ЛЕД-осветлување. Општината ќе користи европски фондови и јавни повици за финансирање. Очекуван ефект: намалени трошоци за енергија, подобра еколошка свест кај учениците, подобрени услови за учење.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА ОБРАЗОВНИ ПРОЕКТИ

Општината ќе отвори фонд во кој училиштата ќе можат да аплицираат со свои мали проекти – на пример: опремување училници, спортски активности, културни манифестации или дигитални иновации. Средствата ќе се распределуваат транспарентно преку јавни повици.Очекуван ефект: зголемена иницијативност кај училиштата, подобрени образовни услови според реалните потреби на учениците.

Рок: континуирано.

# ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ПРОЕКТ: ЕУ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Формирање на локален информативен центар за ЕУ кој ќе обезбедува информации за европските програми, фондови и можности за финансирање. Центарот ќе биде отворен за: граѓани, компании, училишта и невладини организации. Очекуван ефект: подобрена информираност на граѓаните, зголемен број апликации за ЕУ фондови, поголема интеграција на општината со европските текови.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА СО ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Воведување европски практики во работата на општинската администрација – транспарентност, отчетност, јавни консултации и учество на граѓаните во креирање на политики. Ќе се применуваат европски кодекси за добро управување. Очекуван ефект: поефикасна и транспарентна администрација, поголема доверба на граѓаните во институциите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Општината ќе поддржува локални невладини организации со мали грантови и обуки за подготовка на европски проекти. Ќе се организираат работилници за пишување апликации за Erasmus+, Horizon и други ЕУ програми. Очекуван ефект: јакнење на граѓанскиот сектор, зголемен број на успешни ЕУ проекти, директни придобивки за младите и граѓаните.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАРТНЕРСТВО СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Општината ќе воспостави пријателства и партнерства со општини од земјите членки на ЕУ преку т.н. (twinning) твининг програми. Ќе се реализираат заеднички проекти во областа на: културата, туризмот, образованието и животната средина. Очекуван ефект: размена на искуства, модерни практики во локалното управување, нови можности за граѓаните (ученички размени, културни настани, заеднички европски проекти).

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Организација на годишна манифестација со културни, едукативни и спортски настани посветени на европските вредности – работилници за младите, проекции на европски филмови, изложби и дебати со амбасадори и европски експерти. Очекуван ефект: приближување на европските вредности до граѓаните, зголемена свест за европската перспектива, позитивна енергија во заедницата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА КАНДИДАТ ЗА ЕУ ФОНДОВИ

Создавање на специјализирана општинска канцеларија која ќе подготвува и аплицира со проекти директно до европските фондови (за: инфраструктура, енергетика, култура, образование). Очекуван ефект: дополнителни средства во буџетот, нови проекти без дополнителен товар за граѓаните, европеизација на локалниот развој.

Рок: 2026 г.



# ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРОЕКТ: ЗАШТИТА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКА БОШАВА И ПОРОИТЕ

Ќе се спроведат мерки за заштита на дел од речното корито на реката Бошава што поминува низ Демир Капија, како и на пороите во с. Корешница и во с. Бистренци. Очекуван ефект: намалување на ризикот од поплави, заштита на имотот и животите на граѓаните и подобра контрола на водотеците.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ДОБРОВОЛНОТО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО

Ќе се изврши професионализација на доброволното противпожарно друштво во Демир Капија преку зголемување на бројот на кадар и обезбедување најсовремена опрема за справување со пожари. Очекуван ефект: поголема ефикасност при интервенции, побрза реакција и намалување на последиците од пожари.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ИНТЕРИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Ќе се интензивира соработката меѓу Подрачната единица на противпожарна заштита – Неготино, ЈП Македонски шуми – Демир Капија, Доброволното противпожарно друштво и надлежните институции. Очекуван ефект: зголемена координација, подобро превенирање и побрзо справување со пожари и природни непогоди.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СИСТЕМСКО РЕШЕНИЕ ЗА КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ

Ќе се воспостави партнерство со граѓански здруженија за трајно и системско решение на проблемот со кучињата скитници. Очекуван ефект: зголемена безбедност на граѓаните, хумано и одржливо решавање на проблемот со кучињата скитници и почиста урбана средина.

Рок: 2025 г.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

Воведување на систем за одржливо управување со јавниот простор: изградба на мали екопаркови, поставување контејнери за селекција на отпад и организирање општински „зелени акции“. Општината ќе соработува со училиштата и граѓанските здруженија за еколошко образование и практични активности. Очекуван ефект: почисти и поубави населби, поголема еколошка свест, активно вклучени граѓани во грижата за животната средина.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Изградба на современи центри за селекција и рециклирање на отпад, како и воспоставување мобилни пунктови за собирање на отпад од домаќинства (електронски уреди, пластика, стакло, органски отпад). Очекуван ефект: намалување на депониите, економска корист од рециклирањето, почиста и поуредна општина.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА – ВТОР ЖИВОТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

Формирање општинска програма за повторна употреба на материјали, како на пример: дрво, метал, текстил и пластика од јавните установи ќе се собираат и повторно ќе се користат. Ќе се промовираат локални работилници за поправка и реупотреба. Очекуван ефект: рационално користење на ресурси, намалување на отпадот, заштеда на буџетски средства.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА СО СОНЦЕ

Субвенционирање на домаќинства и мали бизниси за поставување соларни колектори и фотоволтаични панели на покривите. Општината ќе обезбеди и јавни објекти со соларна енергија (училишта, градинки, спортски сали). Очекуван ефект: намалена потрошувачка на струја, енергетска независност, помали трошоци за граѓаните.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: 100% ЈАВНО ЛЕД-ОСВЕТЛУВАЊЕ

Замена на целото јавно осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД-светилки, со можност за паметно управување (автоматска регулација според проток на луѓе и возила). Очекуван ефект: значително намалени трошоци за електрична енергија, подобра видливост и безбедност во населбите, придонес кон зелена енергија.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНИ КРОВОВИ И ФАСАДИ

Субвенции за поставување зелени кровови и вертикални градини на јавни и приватни згради. Општината ќе постави вакви решенија и на сопствени објекти како пример. Очекуван ефект: намалување на загадувањето, подобрена микроклима, модерна и атрактивна архитектура.

Рок: 2028 г.



# МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

## ПРОЕКТ: ВЕБ-ПОРТАЛ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ТУРИЗАМ

Ќе се изработи веб-портал и база на податоци за промоција на туристичките потенцијали на Демир Капија, со информации за угостителски капацитети, природни и културни локалитети со лиценциран туристички водич. Очекуван ефект: поголема видливост на општината, директна комуникација со туристи и зголемен број на посетители.

Рок: 2025 г.

## ПРОЕКТ: ГАСТРО ВОДИЧ „ВКУСОВИТЕ НА ДЕМИР КАПИЈА“

Ќе се изработи гастро водич и мапа со информации и понуди за ресторани, хотели и винарии во Демир Капија и околината. Очекуван ефект: промоција на локалната гастрономија, развој на вински и гастро туризам и зголемена препознатливост на општината.

Рок: 2025 г.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ПЕШАЧКИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

Ќе се маркираат и уредат пешачки и велосипедски патеки со поставување табли и оградување. Очекуван ефект: поголема атрактивност за туристи и локални рекреативци, подобра инфраструктура за спорт и одмор.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ДЕМИРКАПИСКИ ВИНСКИ ПАТ

Ќе се уреди и промовира вински пат што ќе ги поврзе лозарите, производителите на вино, винариите, Музејот на виното и угостителските капацитети. Очекуван ефект: интегрирана понуда на вино, како и заштита на културното наследство и подготовка на проекти за познатите винарии, гастрономија и култура, зголемена туристичка привлечност и економски развој.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЗОНА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА „ЛАГОТ И КУРИЈТЕ“

Ќе се уреди зоната со платформи, паркови и природни акумулации на вода. Очекуван ефект: создавање нови туристички и рекреативни содржини и привлекување домашни и странски посетители.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ „ДОШНИЦА“

Ќе се изградат спортски терени, ќе се постави урбана опрема и ќе се уреди просторот. Очекуван ефект: развој на спортски и рекреативен туризам, збогатување на туристичката понуда и поголема атрактивност на локалитетот.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ТРАДИЦИОНАЛНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Ќе се поддржи организирањето на манифестации како „Св. Трифун“, турнир во мал фудбал „Св. Богородица“, како и турнирот во с. Корешница и с. Бистренци , Outdoor фестивал и Демиркаписки панаѓур, како и натпревар во кајакарство. Очекуван ефект: афирмација на културното и историското наследство, зголемување на туристичката понуда и зајакнување на локалниот идентитет.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ ПО РЕКА БОШАВА

Ќе се изградат бунгалови, рекреативни платформи и содржини за лов и риболов по течението на реката Бошава. Очекуван ефект: развој на алтернативен туризам, искористување на природните потенцијали и зголемување на бројот на посетители.

Рок: 2028 г.

## ПРОЕКТ: ПАРАГЛАЈДИНГ ПЛАТФОРМА ВО ПРОСЕК

Ќе се постави платформа за параглајдери на одобрената локација во Просек, согласно изработениот елаборат. Очекуван ефект: нови туристички содржини, промоција на авантуристички туризам и привлекување на љубители на екстремни спортови.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: АРХЕОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ТУРИЗАМ

Ќе се маркираат патеки до Просек, Стрезов Град и средновековните цркви, ќе се постават информативни табли и ќе се развие мултијазична дигитална апликација. Очекуван ефект: враќање на историјата на туристичката мапа, зголемена културна понуда и промоција на археолошките локалитети.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: СПЕЛЕОТУРИЗАМ ВО ПЕШТЕРИТЕ БЕЛА ВОДА И ЗМЕЈОВЕЦ

Ќе се постави безбедносно осветлување, платформи и информативни зони, како и едукативни тури за млади и за истражувачи. Очекуван ефект: развој на спелеотуризам, поголема туристичка понуда и едукација за природното и културното наследство.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: КОПРШНИЧКИ ВОДОПАДИ

Ќе се рехабилитира патот, ќе се изградат панорамски платформи и екопикник зона. Очекуван ефект: Целосна достапност до природните убавини, развој на екотуризам и подобрување на туристичката инфраструктура.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ИСКАЧУВАЊЕ И АЛПИНИЗАМ

Ќе се уредат маркирани рути, via ferrata, ќе се постави безбедносна опрема и ќе се организираат фестивали и меѓународни натпревари. Очекуван ефект: Демир Капија како центар за искачување во Југоисточна Европа, зголемена туристичка понуда и меѓународна препознатливост.

Рок: 2028 г.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКО ТУРИСТИЧКО БИРО – „ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ВО МОЈАТА ОПШТИНА“

Формирање на локално туристичко биро кое ќе нуди информации за сите туристички атракции, сместувања, ресторани и културни настани. Бирото ќе работи и како контакт точка за домашни и странски туристи. Очекуван ефект: подобра промоција на општината, зголемен број на туристи, нови можности за локалните бизниси.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: Е-МААП – ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА

Развој на мобилна апликација со интерактивна мапа на туристички атракции: културни споменици, природни убавини, ресторани, хотели, локални производи. Апликацијата ќе има можност за виртуелни тури и повеќејазична поддршка. Очекуван ефект: дигитална достапност на туристичките содржини, полесно планирање на посети, подобро искуство за туристите.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА ГАСТРОНОМСКА РУТА

Креирање на гастрономски патеки кои ќе ги поврзуваат локалните ресторани, винарии и производители на традиционална храна. Општината ќе организира „Денови на локална кујна“ и ќе ги промовира преку медиуми и социјални мрежи. Очекуван ефект: зајакнување на угостителството, развој на гастро туризмот, економски бенефит за локалните производители.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ФЕСТИВАЛ НА КУЛТУРАТА И НА ТРАДИЦИЈАТА

Годишен фестивал кој ќе ги обедини локалните културни друштва, музичари, уметници и занаетчии. Настанот ќе биде и туристичка атракција, промовирајќи ја културната разноликост и традициите на општината. Очекуван ефект: развој на културниот туризам, заживување на локалната сцена, промоција на општината како културна дестинација.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕКОТУРИЗАМ – ПАТЕКИ И АВАНТУРИ

Означување и уредување на планинарски и велосипедски патеки, уредување на патека до ККК Просек, изградба на видиковци и информативни табли за природните убавини. Ќе се развијат програми за водичи и туристички аранжмани со акцент на авантуристичкиот туризам. Очекуван ефект: зголемен број на посетители, развој на активниот туризам, зачувување на природата.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ТУРИСТИЧКА ПЛАТФОРМА – „МОЈАТА ОПШТИНА ОНЛАЈН“

Создавање веб-портал со интегрирани информации за туристички услуги, настани и можности за резервација. Платформата ќе биде поврзана со социјални мрежи и меѓународни туристички канали. Очекуван ефект: дигитална промоција на општината, поголема видливост на меѓународно ниво, зголемени приходи од туризам.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: СМЕСТУВАЊЕ ВО СЕМЕЈНИ ДОМАЌИНСТВА

Општината ќе поддржува семејства кои сакаат да развијат мал туристички бизнис преку адаптација на сопствени домови за издавање соби или апартмани. Ќе се обезбедат субвенции и едукативни програми. Очекуван ефект: дополнителни приходи за семејствата, зголемување на сместувачките капацитети, поттикнување на семеен туризам.

Рок: континуирано.



# СПОРТ И КУЛТУРА

## ПРОЕКТ: ПАТЕКА ЗА ТРЧАЊЕ И ВЕЛОСИПЕДИЗАМ

Ќе се изгради патека за трчање и велосипедизам која ќе биде достапна за сите граѓани и рекреативци. Очекуван ефект: поттикнување на здрави животни навики, промоција на спортот и рекреацијата и подобрување на квалитетот на живот.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ПРОМОЦИЈА НА ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ

Ќе се организираат спортски кампањи и активности за промоција на физичката активност кај младите и возрасните генерации. Очекуван ефект: поголема физичка активност кај населението, превенција од здравствени проблеми и подобрено психофизичко здравје.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: МАЛ ЕКОКАМП СО СПОРТСКИ СОДРЖИНИ

Ќе се изгради мал екокамп со спортски содржини и можности за рекреација во природа. Очекуван ефект: нови можности за младите и туристите, развој на екотуризмот и рекреативниот спорт.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: КАМП ЗА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И ЕКОЕДУКАЦИЈА

Ќе се изгради камп за спортски активности, рекреација и екоедукација на младите, туристите и учениците. Очекуван ефект: развој на спортот во природа, промоција на екосвеста и зголемена туристичка понуда.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ЦЕНТАР ЗА ПЛАНИНАРЕЊЕ

Ќе се поставaт информативни табли и ќе се обележат патеки за планинарење во Демиркаписка Клисура и околните планини. Очекуван ефект: развој на планинарството и авантуристичкиот туризам, зголемена безбедност и организираност на посетителите.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ДЕМИР КАПИЈА

Ќе се доизгради фудбалското игралиште, со цел да се овозможат подобри услови за спорт и натпревари. Очекуван ефект: поддршка на младинскиот спорт, развој на локалните клубови и промоција на спортските активности.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ДЕТСКИ КАТЧИЊА СО СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ

Ќе се изградат детски катчиња со спортски реквизити во Демир Капија (плоштад), с. Корешница, с. Бистренци и с. Чифлик. Очекуван ефект: безбедни и современи места за игра и спорт на децата, промоција на здраво детство и социјализација.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА КРАЈБРЕЖЈЕТО НА РЕКА БОШАВА

Ќе се уреди крајбрежјето на реката со пешачко-велосипедски патеки и фитнес-парк со справи. Очекуван ефект: зголемена рекреативна и туристичка вредност, нови можности за спорт и одмор на свеж воздух.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: АКВАПАРК

Ќе се изгради модерен аквапарк со атракции за деца и возрасни. Очекуван ефект: нов туристички капацитет, развој на локалната економија и нови можности за рекреација.

Рок: 2028 г.

## ПРОЕКТ: КАЛИСТЕНИКС ПАРК

Ќе се изгради отворен простор со справи за калистеника (склекови, вратило, дипови, чучњеви и др.). Очекуван ефект: бесплатни услови за вежбање на свеж воздух, промоција на здрав живот и поголема вклученост на младите.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ ДРУШТВА И МАНИФЕСТАЦИИ

Општината ќе ги поддржува спортските друштва и ќе организира турнири во мал фудбал „Св. Богородица“, натпревари во алпинизам, натпревари со поддршка на Кајакарски Кану клуб Просек, спортско качување и велосипедизам. Очекуван ефект: афирмација на спортската култура, развој на спортскиот туризам и поттикнување на младите за активно спортување.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ЗАВИСНОСТИ

Ќе се организираат трибини, акции и програми за подигнување на свеста кај младите за штетноста од алкохол, цигари и дрога. Очекуван ефект: намалување на зависностите кај младите, подобрено јавно здравје и поддршка на ранливите групи.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ГАЛЕРИСКИ ПРОСТОРИ

Ќе се уреди галериски простор со постаменти за изложби на уметници, ликовни колонии и фотографски поставки. Очекуван ефект: развој на уметничката сцена, промоција на локалните таленти и збогатување на културниот живот.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ФОЛКЛОРНИ КОНЦЕРТИ И НАСТАНИ

Ќе се организираат фолклорни концерти и манифестации за негување на традиционалните ора и песни. Очекуван ефект: зачувување на македонската традиција, културна афирмација и меѓугенерациска поврзаност.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОСТОЈАНА МУЗЕЈСКА ЗБИРКА

Ќе се организира постојана музејска збирка збогатена со артефакти преку археолошки истражувања во општината. Очекуван ефект: промоција на историјата и културното наследство, развој на културниот туризам.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ФОНДОТ НА МУЗЕЈ ДЕМИР КАПИЈА

Ќе се збогати фондот на музејот со нови надворешни поставки (Пиперана, Ковачница, Воденица, Волно-влачара). Очекуван ефект: зголемена атрактивност на музејот, нови содржини за посетителите и промоција на традицијата.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

Ќе се уредат локалитетите Маркови кули, Кале-Стрезов Град и Црквишта во Демир Капија и с. Корешница со осветлување и пристапни патеки. Очекуван ефект: зголемена туристичка привлечност, заштита и промоција на археолошките богатства.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ПРОМОЦИИ НА ПОСТАВКИ ВО МУЗЕЈ ДЕМИР КАПИЈА

Ќе се уредат простории за промоција на орнитолошка поставка со природни реткости и етнолошка галерија. Очекуван ефект: привлекување нови посетители, едукација и промоција на природното и културното наследство.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРНО-ТУРИСТИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Ќе се организираат традиционални манифестации: Св. Трифун, Денови на руселии и Денови на традиционална храна и занаети. Очекуван ефект: промоција на културното

и гастрономското наследство, развој на туризмот и зајакнување на локалниот идентитет.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ФОНТАНА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД

Ќе се изгради модерна фонтана на плоштадот во Демир Капија. Очекуван ефект: убаво уреден јавен простор, зголемена атрактивност на центарот и подобрен имиџ на градот.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

Ќе се организира ликовна колонија со учесници од Македонија и регионот која ќе стане традиционална. Очекуван ефект: Афирмација на уметниците, размена на идеи и збогатување на културниот живот во општината.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СПОРТСКА САЛА ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК

Реконструкција на постоечките и изградба на нови мини спортски сали во сите основни училишта. Салите ќе бидат мултифункционални за кошарка, одбојка, ракомет и футсал, со современа опрема и соблекувални.

Очекуван ефект: подобрени услови за училиштен спорт, развој на младински спортски клубови, промоција на здрави навики.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ТЕРЕН ВО СЕКОЕ НАСЕЛЕНО МЕСТО

Изградба на мултифункционални спортски игралишта во секое рурално населено место – за фудбал, кошарка, одбојка. Ќе се обезбеди осветлување и трибини. Очекуван ефект: поголема вклученост на младите од руралните средини во спорт, спречување на миграција, зајакнување на локалната заедница.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Формирање општински фонд кој ќе доделува грантови за поддршка на локалните клубови (опрема, патувања, тренинзи). Средствата ќе се распределуваат транспарентно преку јавни повици. Очекуван ефект: финансиска стабилност на клубовите, развој на талентирани спортисти, подобрување на резултатите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРЕН КАЛЕНДАР НА МОЈАТА ОПШТИНА

Воспоставување годишен календар на културни настани: концерти, фестивали, изложби, книжевни вечери. Општината ќе ги поддржува локалните културни друштва и уметници. Очекуван ефект: збогатување на културниот живот, привлечност за туристи, зачувување на традицијата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕДУКАТИВНИ ЦЕНТРИ ЗА КУЛТУРА

Отворање општински културни центри каде младите ќе имаат можност за учење музика, сликарство, театар и фотографија. Центрите ќе нудат работилници и за возрасни (занаетчиство, литература, дигитална култура). Очекуван ефект: подигнување на креативноста, промоција на културата како дел од секојдневниот живот, нови можности за талентирани граѓани.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Општината ќе инвестира во заштита и промоција на локалните историски споменици, традиционални куќи и обичаи. Ќе се создаде дигитален каталог со информации и фотографии, достапен за туристи. Очекуван ефект: зачувување на културното наследство, археолошки локалитети, природното наследство (Демиркапијската Клисура и целиот биодиверзитет околу неа), трите реки во Демир Капија заедно со пештерите Бела Вода, Голема Вода и Краставец, пристапни патеки до објектот (Бункер од Втората светска војна) промоција на општината како културна дестинација, економски бенефит преку културен туризам.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ФЕСТИВАЛ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ

Годишен фестивал за промоција на млади таленти од општината – музичари, сликари, писатели. Настанот ќе биде во соработка со училиштата и локалните здруженија. Очекуван ефект: поттикнување на младите да се изразуваат креативно, развој на културна сцена, подобрување на имиџот на општината.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: КРЕАТИВЕН МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

Отворање современ центар за младински уметнички израз – простор за музички бендови, танцови студија, фотографија, дигитална уметност и видеопродукција. Центарот ќе биде поддржан од општината, но воден од младите преку младински совети.

Очекуван ефект: креативна самореализација на младите, намалување на нивното иселување, создавање нови генерации уметници и културни активисти.

Рок: 2026 г.



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ПРОЕКТ: СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ

Ќе се овозможи зголемен опфат на децата во предучилишните установи преку дополнителни капацитети и олеснувања за родителите. Очекуван ефект: подобра социјализација на најмладите, квалитетен воспитно-образовен процес и олеснување на обврските на семејствата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СЕРВИСНИ СЛУЖБИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Ќе се развијат сервисни служби за поддршка и грижа за старите лица. Очекуван ефект: подобрен квалитет на живот на старите лица, поголема социјална сигурност и можност за активна старост.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

Ќе се обезбедат програми за превенција од социјални ризици во соработка со Центарот за социјални работи, училиштата и здравствените установи. Очекуван ефект: навремено идентификување и поддршка на загрозени семејства и лица, намалување на социјалните проблеми и подобра интеграција.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОК ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ

Родители на деца со пречки во развојот, самохрани родители и семејства со три деца запишани во градинка ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок за престој. Очекуван ефект: финансиска поддршка за најзагрозените семејства, еднаков пристап до предучилишно образование и подобрени услови за воспитување.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

Општината ќе исплаќа еднократна парична помош од 7. 000 денари за секое новороденче. Очекуван ефект: поддршка на семејствата при зголемување на бројот на членови, охрабрување на наталитетот и финансиско олеснување за родителите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ТРЕТО ДЕТЕ

Секое семејство ќе добие еднократна парична помош од 15. 000 денари за трето дете. Очекуван ефект: Стимулирање на наталитетот, поддршка на семејствата со повеќе деца и подобрени услови за одгледување.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПРВ БРАК

Ќе се обезбеди еднократна парична помош од 20. 000 денари за младите што склучуваат прв брак. Очекуван ефект: финансиска поддршка за младите брачни парови, поттик за семејно живеење и намалување на иселувањето.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СОРАБОТКА СО ЗДРАВСТВЕН ДОМ НЕГОТИНО

Ќе се отвори физикална просторија во Демир Капија во соработка со Здравствен дом Неготино. Очекуван ефект: подобрен пристап до здравствени услуги, олеснето лекување и рехабилитација за граѓаните.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Ќе се стипендираат ученици со најдобар успех и таленти од ООУ „Димче А. Габерот". Очекуван ефект: поттик за младите да се развиваат во образованието, спортот и уметноста и задржување на талентите во општината.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОДРАЧНИ КАНЦЕЛАРИИ

Ќе се отворат подрачни канцеларии во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за земјоделие. Очекуван ефект: полесен пристап до административни услуги и поддршка за граѓаните на локално ниво.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА ЗА РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА

Ќе се обезбеди 50% попуст на данок на имот за семејства со ниски приходи и семејства со деца со попреченост. Очекуван ефект: финансиска помош за ранливите категории, еднаков пристап до домување и подобрување на социјалната правда.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Ќе се обезбеди надоместок за престој во градинка, бесплатно патување со меѓуградски превоз до местото на лекување и назад, како и еднократна парична помош за

полуматуранти, матуранти и за огревни дрва. Очекуван ефект: намалување на финансискиот товар на семејствата, подобрени услови за образовен и личен развој на децата со попреченост.

Рок: континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ

Ќе се организираат акции за собирање облека, храна и покуќнина за социјално загрозените лица во соработка со здруженија, спонзори и добротворни организации. Очекуван ефект: подобрени услови за живот на најранливите категории, поголема солидарност и општествена кохезија.

Рок: континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ВОЛОНТЕРСКО ДВИЖЕЊЕ

Ќе се организира волонтерско движење за бесплатни услуги, хуманитарна поддршка и собирање средства за ранливи категории. Очекуван ефект: активно граѓанско учество, зголемена социјална одговорност и заедништво.

Рок: континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ЈОУДГ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

Ќе се подобрат условите за престој во градинката, со цел зголемување на капацитетот за 20 нови деца. Очекуван ефект: зголемен опфат на децата во предучилишно воспитување, подобрен квалитет на образовниот процес.

Рок: 2026 г.

## ➤ ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМ

Ќе се изврши реконструкција на постоечкиот Дом за пензионери во Демир Капија. Очекуван ефект: подобри услови за живот и активности на пензионерите, социјализација и грижа.

Рок: 2027 г.

## ➤ ПРОЕКТ: РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТАРИ ЛИЦА

Ќе се подготви студија за јавно-приватно партнерство и ќе се бара инвеститор за изградба на современ регионален центар за стари лица. Очекуван ефект: обезбедување долгорочна институционална грижа, отворање нови работни места и зголемена социјална сигурност.

Рок: 2028 г.

## ПРОЕКТ: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УЧИЛИШТЕН ПРИБОР ЗА ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Ќе се обезбеди училиштен прибор за деца од основно и средно образование од загрозени семејства, како и новогодишни пакетчиња и празнични подароци. Очекуван ефект: поддршка за најзагрозените, еднаков пристап до образование и поголема социјална инклузија.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОМОШ ЗА СЕМЕЈСТВА ПОГОДЕНИ ОД КАТАСТРОФИ

Ќе се обезбеди еднократна парична помош за семејства погодени од елементарни катастрофи со средства од буџетот на општината. Очекуван ефект: брза поддршка и намалување на последиците од катастрофи, сигурност за граѓаните во кризни ситуации.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: МОЈА ОПШТИНА – СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС

Формирање општинска служба за поддршка на ранливи категории граѓани: едношалтерски систем за информации за права, документи и услуги. Ќе се воспостави и телефонска линија за пријава на социјални проблеми. Очекуван ефект: полесен пристап до права и услуги, намалување на бирократијата, поголема доверба во институциите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Општината ќе отвори дневни центри за лица со попреченост каде ќе добиваат стручна поддршка, образовни и креативни активности, како и логопедска и физиотерапевтска услуга. Очекуван ефект: подобрен квалитет на живот, интеграција во заедницата, поддршка и олеснување за нивните семејства.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЗДРАВСТВЕН ПУНКТ ВО СЕКОЈА НАСЕЛБА

Отворање мали здравствени пунктови во руралните средини со присуство на медицински тим еднаш или двапати неделно. Ќе се врши превентивна контрола, вакцинации и основни прегледи. Очекуван ефект: пристап до здравствена услуга за сите граѓани, рано откривање болести, намалување на здравствените нееднаквости.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: МОБИЛЕН ТИМ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

Формирање мобилни екипи составени од социјални работници и здравствени асистенти кои ќе ги посетуваат старите и болни лица во нивните домови, особено во руралните средини. Очекуван ефект: лична грижа за оние што не можат да дојдат до

институциите, подобра социјална сигурност, хумано лице на општината.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА БЕЗ БАРИЕРИ

Адаптација на јавните објекти и установи со пристапни рампи, лифтови и тактилни патеки за лица со инвалидитет. Очекуван ефект: поголема инклузија на лицата со попреченост, еднакви можности за сите граѓани.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКИ ПРОГРАМИ ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Отворање советувалишта со психолози и психотерапевти, програми за поддршка на младите, жени жртви на семејно насилство и лица во социјален ризик. Очекуван ефект: подобрено ментално здравје, намалување на насилството, зголемена социјална поддршка.

Рок: континуирано.



# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: УРЕДЕНА УЛИЦА – УБАВА ОПШТИНА

Да се уреди влезот на Демир Капија со ознаки „Добре дојдовте во Демир Капија". Граѓаните бараат уредување на локалните улици како дополнителна трета лента на одредени улици за поврзување на улица „Борис Кидрич" со индустриска зона на регионалниот пат, тротоари и јавни површини. Проектот предвидува реконструкција на дотраени патишта, поставување нови тротоари со пристап за лица со попреченост, обележување на пешачки премини и поставување ново енергетски ефикасно улично осветлување. Да се постави мапа на Општина Демир Капија со сите населени места со точни патокази и локалитети околу нив. Дополнително, ќе се воведе систем за редовно одржување на улиците за да не се дозволи повторно нивно пропаѓање. Очекуван ефект: безбедно движење за сите граѓани, урбана средина која потсетува на европски стандарди, поголема гордост на жителите за нивната општина.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА ОПШТИНА

Граѓаните предлагаат општината да вложува повеќе во озеленување и уредување на јавни површини. Проектот вклучува засадување нови дрвореди по улиците, реконструкција на постоечките паркови и изградба на нови зелени оази во урбаните населби. Ќе се постават клупи, жардинери и фонтани, а дел од парковите ќе бидат опремени и со фитнес-зони на отворено. Очекуван ефект: почист воздух, поубава и поздрава средина за живеење, поголемо користење на јавните простори од страна на младите и семејствата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: ИГРАЛИШТЕ ЗА СЕКОЈА НАСЕЛБА

Многу родители бараат општината да инвестира во нови и модерни детски игралишта. Проектот предвидува изградба на најмалку едно игралиште во секоја населба, со современа опрема, безбедносни подлоги, огради и осветлување. Игралиштата ќе бидат простор и за социјализација на децата и за дружење на родителите. Очекуван ефект: здрава и безбедна забава за децата, подобри услови за нивно физичко и психосоцијално развивање, задоволни родители и заедници.

Рок: 2026 г.

## ПРОЕКТ: ЧИСТА ОПШТИНА – МОЈА ГОРДОСТ

Граѓаните укажуваат дека чистотата и управувањето со отпад е еден од најважните предизвици. Проектот ќе вклучи поставување нови контејнери за селекција на отпад

(пластика, стакло, хартија), воведување редовен распоред за собирање смет, како и организирање заеднички акции за чистење со учество на ученици, спортски клубови и здруженија. Очекуван ефект: почиста и поуредна општина, зголемена еколошка свест кај граѓаните, подобрена животна средина за сите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: БЕЗБЕДНА ОПШТИНА

Граѓаните често бараат подобра безбедност на јавните места. Проектот предвидува поставување на видеонадзор на клучни локации (плоштади, училишта, паркови), замена на старото осветлување со ЛЕД- светилки и подобрување на пешачките премини со дополнителна сигнализација и лежечки полицајци. Ќе се работи и на подобра координација со локалната полиција за превенција на сообраќајни несреќи и вандализам. Очекуван ефект: поголема сигурност за децата и за возрасните, намалување на криминалот и вандализмот, создавање чувство на безбедна заедница.

Рок: 2027 г.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРЕН МОЗАИК

Граѓаните сакаат повеќе културни содржини достапни за сите. Проектот подразбира организација на летни концерти, театри на отворено, уметнички изложби и книжевни вечери во локалните културни домови или јавни простори. Општината ќе отвори и конкурси за поддршка на млади уметници и културни здруженија. Очекуван ефект: побогат културен живот, поголема вклученост на младите во културата, развој на општината како културна дестинација.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ: СПОРТ ЗА СИТЕ

Граѓаните предлагаат општината да организира редовни спортски турнири (фудбал, кошарка, одбојка) и бесплатни рекреативни активности за сите генерации – од фитнес-часови во паркови, до планинарски акции и велосипедски тури и соработка со ККК Просек. Очекуван ефект: промоција на здрав живот, подобрување на заедништвото, развој на спортската култура.

Рок: континуирано.

ВМРО-ДПМНЕ